РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-609/9

07-02-2024 г.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од непознат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 100-та седница одржана на ден 06.02.2024 година ја донесе следната

**О Д Л У К А**

Постапката по предметот со број 12-609/1 од 01.02.2023 година и кон него споен предмет со број 12-701/1 од 03.02.2023 година, оформен по пријава со наводи за сомневање во работењето на инспектори од Државниот пазарен инспекторат Скопје, со барање за испитување на нивното работење и на работењето на лицето ------- --------, раководител, **СЕ ЗАПИРА**.

До директорот на Државен пазарен инспекторат да се достави барање за утврдување одговорност за службени лица инспектори во п.е. Скопје поради констатирани незаконитости при вршење инспекциски надзори.

До Инспекциски Совет на РСМ да се достави известување за надлежно постапување кон службени лица инспектори во Државниот пазарен инспекторат п.е. Скопје, поради констатирани незаконитости при вршење инспекциски надзори.

Предметот со број 12-609/1 од 01.02.2023 година и кон него споен предмет со број 12-701/1 од 03.02.2023 година да се затвори и архивира.

Одлуката на ДКСК во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

О б р а з л о ж е н и е

Од страна на непознат подносител, на ден 01.02.2023 година, поднесена е пријава заведена под број 12-609/1 од 01.02.2023 година, по која е оформен предмет со наводи за злоупотреба на службена положба и не постапување согласно закон за службени лица – инспектори во Државниот пазарен инспекторат –п.е. Скопје, со барање за преиспитување на нивното работење. Наводите во пријавата упатуваат на непостапување од страна на инспекторите за време на вршење службена должност - инспекциски надзор во поголем број на угостителски објекти, дискотеки и ноќни клубови во Скопје во средината на декември 2022 година, кога за викенд биле извршени контроли од страна на Државниот пазарен инспекторат Скопје, но и покрај тоа што најголем број од локалите работеле после дозволено работно време и немале лиценци за ноќни клубови истите не биле затворени и продолжиле да работат.

Со службена белешка број 12-609/3 од 22.02.2023 година, по заклучок на состанок на колегиум одржан на ден 17.02.2023 година, кон овој предмет е споен предмет со број 12-701/1 од 03.02.2023 година, оформен во ДКСК по пријава со истите предметни наводи.

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

Во насока на утврдување на фактичката состојба по оформениот предмет, ДКСК побара податоци и информации од Министерството за внатрешни работи - копија од сите Записници за извршените контроли во 2022 година за сите објекти наведени во доставената пријава, (Централ парк, Мусандра, Мецо, Мош, Епицентар, Терминал и други), информација за тоа дали и како било постапено од нивна страна бидејќи пријава била доставена и до нив.

Исто така, побарани се информации и од Министерството за економија за издадени лиценци на наведените објекти и од Државен пазарен инспекторат по однос на обезбедување записници и други акти по извршени контроли во наведените правни субјекти.

Од добиените известувања и документација и извршениот увид во нив, констатирано е следново:

- Министерството за внатрешни работи, по извршени проверки во службените евиденции на ПСОН "Центар", ПСОН "Карпош" и ПСОН "Аеродром", констатирало дека во месец декември 2022 година во наведените правни субјекти не се извршени контроли од страна на полициски службеници во содејство со инспектори на Државен пазарен инспекторат., иако ДКСК побара известување за спроведени активности во текот на цела 2022 година, а не само за декември 2022.

-Државниот пазарен инспекторат континуирано вршел инспекциски надзори во сите наведени објекти, во неколку наврати во период јануари 2022 - јуни 2023 година, при што за некои субјекти било издадено Решение за привремена забрана за вршење дејност, а кај други по постапка за порамнување бил издаден Прекршочен платен налог односно била изречена Прекршочна санкција за плаќање на глоба, некаде биле поднесено и Барање за поведување прекршочна постапка. При инспекцискиот надзор, на инспекторите меѓу другото од некои субјекти на увид им била доставена и лиценца за вршење угостителска дејност.

-Министерството за економија немало евиденција за поднесно барање за добивање на лиценца за вршење на угостителска дејност за угостителските објекти --------------------------, додека за угостителските објекти ---------------------------------------------- доставена е комплетна документација во форма на копија, од која е констатирано дека: ----------------------- ДООЕЛ Скопје на 27.01.2023 година поднела барање за добивање на лиценца за кабаре и на 27.02.2023 година била издадена лиценца за кабаре; ---------------------- ДООЕЛ Скопје, на 25.08.2022 година поднело барање за добивање на лиценца за кабаре, на 24.11.2022 година била издадена лиценца за кабаре; -------------------------- Скопје, на 21.10.2022 година поднело барање за добивање на лиценца за кабаре, на 26.01.2023 година била издадена лиценца за кабаре; ----------------- ДООЕЛ Скопје, на 18.10.2022 година поднел барање за добивање на лиценца за кабаре ------, по разгледување на предметот и согласно мислењето од СВР Скопје, на 08.05.2023 година донесено било решение за одбивање на барањето за кабаре.

| Субјект | Надзор од пазарна инспекција | Исход од надзор | При надзор | Барање за лиценца до МЕ | Лиценца од МЕ за 1 година |
|---|---|---|---|---|---|
| Централ парк | 13.02.2022<br><br><br><br>06.03.2022<br><br>26.02.2023<br>27.03.2023<br>12.04.2023<br>14.05.2023<br>27.05.2023 | издаден Прекршочен платен налог на 16.02.2022<br>Барање за поведување прекршочна постапка нод 20.04.2022<br>Изречена Прекршочна санкција на 10.11.2022<br>/<br>/<br>/<br>/<br>/ | | Нема | |
| Мусандра | 29.01.2022<br><br><br>06.03.2022<br><br><br>07.05.2022<br><br>15.05.2022<br>21.10.2022<br><br>18.12.2022<br><br>14.01.2023<br><br>21.05.2023<br>10.06.2023<br>08.07.2023 | издаден Прекршочен платен налог на 09.02.2022 и барање за прекршочна од 28.02.2022<br><br>Решение за привремена забрана за вршење на дејност – 07.03.2022<br><br>издаден Прекршочен платен налог на 07.05.2022<br>/<br>издаден Прекршочен платен налог на 29.11.2022<br>издаден Прекршочен платен налог на 22.12.2022<br>издаден Прекршочен платен налог на 21.02.2023<br>/<br>/<br>издаден Прекршочен платен налог на 12.07.2023 | | 27.01.2023 | 27.02.2023 |
| Ланч Бар МОШ | 14.01.2022<br><br><br>15.05.2022<br>05.06.2022<br>25.06.2022<br><br>25.03.2023 | издаден Прекршочен платен налог на 16.01.2023 и барање за прекршочна од 26.01.2023<br>/<br>издаден Прекршочен платен налог на 28.06.2022<br>издаден Прекршочен платен налог на 27.03.2023 | Одобрение за вршење дејност има од Град Скопје | нема | |
| ИНТЕРМЕЦО | 29.01.2022<br>15.05.2022<br>14.01.2023 | /<br>/<br>издаден Прекршочен платен налог на 31.01.2023 и барање за прекршочна од 20.02.2023 | | | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | 25.03.2023 | издаден Прекршочен платен налог на 27.03.2023 и Решение за привременп забранување а вршење на дејност од 10 дена – 28.03.2023 | | | |
| Епицентар | 29.01.2022<br>15.04.2022<br>06.05.2022<br>23.10.2022 | издаден Прекршочен платен налог на 31.01.2022<br>издаден Прекршочен платен налог на 15.04.2022<br>/<br>издаден Прекршочен платен налог на 11.11.2022 | | 21.10.2022 | 26.01.2023 |
| Клуб Мецо | 29.01.2022<br>20.05.2022<br>21.10.2022<br>19.03.2023 | издаден Прекршочен платен налог на 31.01.2022<br>издаден Прекршочен платен налог на 20.05.2022<br>издаден Прекршочен платен налог на 28.10.2022<br>издаден Прекршочен платен налог на 20.03.2023 и барање за прекршочна од 24.04.2023 | | 18.10.2022 | 08.05.2023 |
| Терминал Бистро Клуб | 26.05.2022<br>26.02.2023<br>27.05.2023 | /<br>Отстранета неправилност по решение од 28.02.2023<br>Отстранета неправилност по решение од 30.05.2023 | Доставена лиценца за вршење угостителска дејност | 25.08.2022 | 24.11.2022 |
| Ивент Центар | 06.06.2022 | издаден Прекршочен платен налог на 06.06.2022 | | | |

Видно од вкрстената анализа на добиените документи и податоци произлегува дека во текот на 2022 година иако континуирано се вршени контроли и изрекувани се глоби и санкции, истите се плаќани од страна на сопствениците, но локалите не биле затворени иако не поседувале соодветни лиценци, односно дозволи за работа.

Фактот дека дел од нив лиценците ги добиле во 2023 година, а два локали сеуште немаат побарано дозвола за работа, говори за концентрација на голема моќ и влијанија од страна на сопствениците на овие локали над разни државни тела и органи, што пак од своја страна придонесува за незаконско постапување на инспекторите од Државен просветен инспекторат, но и од Министерството за внатрешни работи.

Од сето погоре наведено, ДКСК утврди дека по однос на предметниот постојат сомневања за незаконско постапување на службени лица од ДПИ по што одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Изработил: Ј.Ц.
Одобрил: К.Н.,член на ДКСК

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Биљана Ивановска**